**Главниот ревизор Адем Цури во работна посета на Финска**

Висока делегација од Ревизорското тело за ревизија на ИПА фондовите од Република Северна Македонија во состав: г-дин Адем Цури -Главен ревизор, г-дин Лиман Мухаджири - Заменик Главен ревизор и г-дин Иван Игњатов - Помошник Главен Ревизор, оствари работна посета на Хелсинки, Финска.

За време на посетата се остварија работни средби на високо ниво со Ревизорското тело за ревизија на ЕУ фондови (г-дин Kari Rouvinen, Директорот на Ревизорското тело за ревизија на ЕУ фондови), Државната Ревизорска Институција (г-дин Jari Sanaskoski, Директор за финансиска ревизија) и Претставништвото на Европската Комисија во Хелсинки, Финска (г-дин Vesa-Pekka Poutanen, Советник за економски прашања).

На средбите се дискутираше за ревизорскиот пристап и методологијата за ревизија на фондовите на Европската Унија и следните чекори за натамошно зајакнување на меѓу - институционалната соработка, како и улогата на Финска како нов претседавач со Советот на ЕУ и афирмациите на Република Северна Македонија за добивање статус на полноправна членка на Европската Унија.




National Audit Office of Finland
Jaakko Malmi
National Audit Office of Finland
12 September 2019

